РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО
Бр. 14 - 4460/1
15 12 2025 год.
БЕРОВО

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2025 година, усвоен од Владата на Република Северна Македонија, за 6.Програма за работно ангажирање-Јавни работи,финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Општина Берово, односно учество на Општина Берово во ОП за 2025, Мерка 6.Јавни работи, Општина Берово на ден: 15.12.2025 година објавува:

# Ј А В Е Н   П О В И К

до

евидентирани невработени лица за вклучување во

Мерката 6.Програма за работно ангажирање-Јавни работи

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица со ниски квалификации од територијата на општина Берово кои се заинтересирани да се вклучат во Програмат за работно ангажирање-Јавни работи во проекти од инфраструктурен карактер и заштита на животна средина, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Берово.

За спроведување на предвидените проекни активности од делокругот на Јавни работи предвидена е финансиска поддршка во износ од 800 денари по работно ангажирано лице, дневно,со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Работното ангажирање ќе биде реализирано во еден циклус годишно, во времетраење од 30 дена, по четири часа дневно.

Селекцијата на заинтересираните пријавени кандидати ќе биде извршена од Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Берово.

На корисниците на социјална помош за времетраење на работното ангажирање ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата за работно ангажирање-Јавни работи можат да поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Берово во периодот од 15.12.2025 година до 19.12.2025 од 08:00 до 14:00 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу Општина Берово и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и избраните кандидати.

Детални информации за Мерка6.Програма за работно ангажирање-Јавни работи можат да се добијат во Општина Берово кај лицето **Даница Пиличовска**, , Агенција за вработување- Центар за вработување Берово кај лицето **Марија Тренчовска.**

Општина Берово

Градоначалник

Петар Ружински